Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на ден од дневни настани 03.07.2020

На 02.07.2020 во 14:30 часот, на базен во Гевгелија, лишена е од слобода А.Г.(31) од Гевгелија, која не се придружувала на одлуката на Владата и дисциплински за самоизолација од Јавната санитарен и здравствен инспекторат. По комплетирање на случајот, за А.Г. ке биде изготвен поднесок за сторено кривично дело казнило по чл.205 и чл.206 од Кривичниот законик. Известен е Јавен обвинител, а лицето било спроведено во државен карантин.

На 02.07.2020 во 16.40 часот било приајвено дека на регионалниот пат Прилеп - Македонски Брод, Г.Г.(59) од Прилеп, управувајќи патничко возило „фолксваген венто", со прилепски регистарски ознаки, изгубил контрола и излетал од коловозот. Во незгодата, возачот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Градската општа болница Прилеп, каде што било пренесен за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од Полициската станица Прилеп.

На 02.07.2020 во 21.45 часот било приајвено дека во Скопје, на ул.„Горче Петров", О.П.(57) од Скопје, превезувајќи се во автобус кој сообраќал на линија бро] 11, при тргнување на автобусот паднала и се повредила. Во незгодата се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Клиникиот клиники „Мајка Тереза", каде што била пренесена за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Скопје.

На 02.07.2020 во 11.00 часот било приајвено дека во с.Велестово, охридско, К.Ј.(64) од Охрид паднал во провалија, при што се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Општата болница Охрид, каде што бил пренесен за укажување на лекарска помош.

На 02.07.2020 во 11.50 часот во СВР Битола, С.Н.(56) од Битола приајвил дека при чистење во дворното место од неговата куќа, пронашол рачна бомба М 75 од ЈНА. Од страна на пиротехничар, истата била безбедно подигната.

На 02.07.2020 во 20.50 часот во Полициската станица за граничен надзор Сопот, М.Љ.(41) од с.Сопот, кумановско, вработен во каменолом, приајвил дека при извршување на работи во каменоломот, П.С., возач со товарно возило „мерцедес бенз актрос" – кипер, со скопски регистарски ознаки, паднал во ископ. Од лекар дн Ирна медицинска болница Куманово кај П.С. (57) од Куманово била констатирана смрт. Извршен бил увид на местото од увидна екипа од СВР Куманово, во присуство на трудов инспектор. По наредба на Јавен обвинител телото не починатиот е дадено за обдукција.

Во текот 02.07.2020 на подрачјето на СВР Скопје санкционирани се двајца возачи бидејќи поминале на црвено светло, еден возач затоа што управувал возило без да се стекне со право на управување на моторно возило, а 32 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 02.07.2020 во 13.00 часот било приајвено дека на место викано „Бабуна", на патиот правец Велес-Градско, се судирле два велосипеда управувани од двајца 14-годишници од Велес. Во незгодата, еден велосипедист се здобил со тешки телесни повреди, а другиот со телесни повреди, констатирани во Општата болница Велес каде бил пренесен за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Велес.

На 03.07.2020 во 02.45 часот во СВР Скопје било приајвено дека на заштитна ограда од објект во изградба на ул.„Враньо Клуз",од полициски службеници биле забележани Н.Б.(19), И.Л.(19) и М.И.(20),сите од Скопје, кои на местото на настанот пристигнале со патничко возило „југо", со скопски регистарски ознаки, како лепат плакати од политичка партија, без соодветно одобрение. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против В.Ѓ.(32) од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 28.04.2020 приајвениот влегол во маркет каде од вработената му било укажано дека треба да носи заштитна маска. Тој почнал да ѝ упатува закани, а кога другиот вработен В.С. му рекол да го напушти маркетот, В.Ѓ. физички го нападнал, користејќи и тврд предмет.

На 03.07.2020 околу 00.15 часот во СВР Скопје било приајвено дека на надвозник на ул. „Лука Геров" бил забележан предизборен плакат на политичка партија, а на трансформатор од ЕВН имало залепени плакати од политичка партија. Подоцна, во 01.07 часот во СВР Скопје било приајвено дека на ул.„4 Јули", во населба Дексион, од полициски службеници од Полициска станица Горче Петров биле забележани Б.С.(29) и В.Р.(40), двајцата од Скопје, како поставуваат висечки банер на политичка партија, и истите се изјасниле дека немаат одобрение за поставување на банери. Во текот на вечерта 02/03.07.2020 на подрачје на Општина Горче Петров биле поставени околу 5-6 висечки банери на повеќе локации. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.07.2020 во 07.30 часот во ОВР Прилеп, С.М.(35) од Кичево приајвил дека околу 04.30 часот на ул.„Тризла" во Прилеп, заедно со неговиот син Д.М. и роднината С.Ј. биле нападнати од повеќе непознати лица, при што насилно му биле одземени патничко возило „фиат уно", со прилепски регистарски ознаки и 1200 евра. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.07.2020 во 01.00 часот во Полициската станица Прилеп, Ц.Ј.(62) од Прилеп, приајвил дека од домот се одделечил неговиот син А.Ј.(41) од Прилеп, кој имал здравствени проблеми. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против С.Г.(39) од с.Клечовце,кумановско,поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непоступување според здравствените прописи за време на епидемија". Приајвениот, на 01.05.2020 во временскиот период 12.00 часот до 19.30 часот, не ја почитувал мерката на Влада за забрана на движење на населението.

На 02.07.2020 во 09.03 часот во СВР Скопје,К.Д. приајвила дека во Комплекс клиники,Мајка Тереза" бил донесен повреден С.М.(26) од с.Ранковце, кривопалаченско,кој се повредил на работно место на објект во изградба на ул.„Милан Зечар" во општина Аеродром, при што од лекар му била констатирана тешка телесна повреда. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје и запознаен е трудов инспектор.

На 02.07.2020 околу 18.00 часот од полициски службеници од СВР Скопје на автопат Скопје – Велес, кај населба Хиподром, бил пронајден и вратен дома С.П.(37) од с.Црешево кој на 01.07.2020 бил приајвен од неговиот татко Б.П.(76) од с.Црешево дека се одделечил од домот.

На 02.07.2020 годинa во 20.10 часот во ВОР Гостивар, И.И.(51) од Гостивар приајвил дека од домот се одделечила неговата ќерка М.И.(16). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 02.07.2020 во 18.20 часот во СВР Скопје било приајвено дека на ул.„60" во с.Волково, скопско, по претходно случена сообраќајна незгода, дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Б.С.(46) од с.Орман, скопско и Ф.К.(24) од Скопје. Сочинети се записници за констатиран прекршок по чл.11 и чл.6 од ЗПЈПМ.

На 02.07.2020 околу 20.30 часот, на локалниот пат во тетовското село Мерово, во месноста „Балван", полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода М.Ј.(36) и А.Ј.(49), од скопското село Панирачи, кои во патничко возило „фолксваген голф 2", со скопски регистарски ознаки, превезувале огревни дрва без потребната документација. Одземени им се возилото, дрвата и две моторни пили, а по целосно документирање на случајот ќе им бидат изготвени соодветни поднесоци.

На 02.07.2020 во 22.40 часот А.Б.(28) од Тетово во СВР Тетово приајвил дека околу 04.30 часот на ул.„114" во Тетово бил физички нападнат од неколку лица, кои користеле и тврди предмети. Се преземаат мерки за целосно расчистување и документирање на случајот, по што ќе бидат изготвени соодветни поднесоци.

На 02.07.2020, по претходно добиена писмена наредба од судија на претходна постапка, бил извршен претрес во гаража лоцирана на ул.„Македонска", во Струга, која ја користела В.М. (51) од Струга, Република Албанија. Притоа, пронајдени се и одземени 42 кутии тутун „Virginia Original", четири кутии со вкупно 43 ленти таблети „ExiptolAlbendazole" 600mg, осум стаклени шишиња со непозната течност и една пластична туба со непозната течност. Поради постоење основи на сомнение дека се работи за сторено казнено дело „давачно затајување" по член 279 од Кривичниот законик, В.М. била лишена од слобода и против неа ќе биде поднесена соодветна пријава.

Поради постоење основи на сомнение за сторено казнено дело „незаконот риболов", ОВР Дебар поднесе кривична пријава против С.К.(70) од Скопје и И.Ц.(67) од Дебар. Приајвените, на 25.06.2020 биле затекнати во незаконит риболов во водите на Дебарското Езеро. При прегледа во гучен чамец што го користеле, полициските службеници пронашле и одзеле рибарски мрежи во должина од 10 метри и риба.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Р.Ч.(18) од кичевското село Црвевци, поради постоење основи на сомнение за сторено казнено дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". При прегледа извршен врз него на ул.„Рудничка" во Кичево, полициски службеници пронашле марихуана.

На 02.07.2020 од страна на полициски службеници од Полициската станица Штип постапено е по Наредба за распишување на потерница од Основен суд Штип, за осуденото лице С.Д. (28) од Штип. Тој бил лишен од слобода, спроведен и предаден во Затвор Штип.

На 02.07.2020 во 12.50 часот во СВР Скопје било приајвено дека од Јавна установа за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение – Скопје се одделечила нивната штитеничка Л.Д.(16) до Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Битола - ОВР Прилеп, до ОЈО Прилеп, поднесе кривична пријава против Е.Ј.(49), директор на ЈКП „Водовод и канализација" Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „несовесно работење во службата", З.К.(53) од Скопје, вработен во приватна фирма од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на положба, доделување на јавна набавка или приватно партнерство", Д.К.(52) од Скопје, вработен во друга приватна фирма за сторено кривично дело „Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или приватно партнерство" и против двете правни лица од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или приватно партнерство". Превземајвениот, во текот на 2018 година во име на претпријатието спорено постапил за јавна набавка на стока – „уред за скенирање на подземни линии" и наместо реку ма да овозможи рационално и ефикасно користење на средствата од претпријатието, после спроведената електронска аукција на која беа постигнати висока цена, денеи и своевремо потпишал „одлука за склучување на договор", наместо да ја поништи постапката затоа што цената била висока, тој создал услови за мегусебен договор на двата економски оператори во постапката за јавна набавка на уред за скенирање на подземни линии. На ваков начин предизвикал штета на буџетот од јавното претпријатие во износ од 2.300.000 денари.Второприврајвениот, во име на четвртопријавеното правно лице и третопријавениот во името на петтопријавеното правно лице, во текот на 2018 година во својство на единствени економски оператори, со меѓусебен договор, ја изиграле постапката за јавна набавка на уред за скенирање на подземни линии, спроведена од страна на договорниот орган ЈКП „Водовод и канализација" Прилеп, на тој начин што не ни спровел реален конкурентски однос помеѓу нив, односно само привидно, за мала вредност, ја спуштиле почетната цена и економските да биде склучен договор за јавна набавка помеѓу договорниот орган и петтопријавениот правен субјект, за нереално висока цена.За да и двата правни субјекти преку јавната набавка се стекнат со имотна корист, се договориле второприврајвениот, во име на четвртопријавениот субјект, да ја изврши набавката на потребниот уред и истиот за сума скоро двојно поголема од набавката да го продаде на третопријавениот во име на петтопријавениот субјект, кој понатаму согласно договорот за јавна набавка го предал на договорниот орган. Преку постапката, двата економски оператори се стекнале со имотна корист во износ од 600.000 денари, односно од 1.700.000 денари.

СВР Битола – ОВР Прилеп до ОЈО Прилеп, поднесе кривична пријава против Б.А.(64) од Прилеп, раководител – директор во НУ „Завод и Музеј" - Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластување". Приајвениот, во периодот од 02.10.2019 го до денес, без одлука на надлежен орган, на Леариница од Скопје самоиницативно предал на реверс скулптура(исечена на парчиња) со назив „Жртви на фашизмот ", која била спомен обележје на стреланите борци од бугарскиот фашистички окупатор во с. Дабница, прилепско и била под заштита на НУ Завод и Музеј – Прилеп. По извршената реставрација, скулптурата не е вратена во НУ Завод и Музеј-Прилеп. Претходно, на предлог на градоначалникот на општина Прилеп, Советот на општина Прилеп донесува одлука на 10.09.2019 со која се предвидува реставрација на бронзената статуа на предметниот споменик, односно одлука за јавна набавка за „Зајакување на споменикот и реставрација на бронзената скулптура и изработка на калап и одлика на копија од статуата". После тоа, на 05.11.2019 била спроведена постапка за јавно надавање и отварање на понуди по електронски пат, но ниту еден економски оператор не поднел понуда. После тоа, градоначалникот на општина Прилеп донел Одлука за поништување на набавката. Во меѓувреме, пак, приајвениот без одлука на надлежен орган, на реверс ја предал на леариницата од Скопје заради извршување на реставрација. Реконструираната одлика скулптурот ја подарил на општина Прилеп за да биде поставена на местото каде некогаш стоела оригиналната скулптура, а била предадена со Договор за дар заведена на нотар. Додека пак, оригиналната скулптура до денеска не била вратена на НУ Завод и Музеј-Прилеп.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Беровo поднесе две кривични пријави против лицето Г.Т.(64) од с.Митрашинци, беровско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи" и „незаконит лов". На 16.02.2020 во с.Митрашинци, во ловните „Мачево", приајвениот без да поседува соодветна дозвола за ловната пушка марка „Д-18 " калибар 16 мм и муниција од 18 патрони што неовластено ги поседувал, се упатил во блиската шума со намера да лови дивеч за време на ловостој.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Винница поднесе кривична пријава против С.А.(33) од Винница, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непоступување според здравствените прописи за време на епидемија". На 09.06.2020 во 11.55 часот, при редовна контрола од полициски службеници во домот на приајвениот,по основ на изјавата самоизолација,било констатирано дека приајвениот не се наоѓал во својот дом.

СВР Штип и СВР Тетово поднесоа 11 кривични пријави против: А.Г.(18) од Кочани, Н.И.(40), С.И.(49) двајцата од с.Ветрен, делчевско, Г.Д.(31), В.Ѓ.(35), двајцата од Делчево, Љ.К.(37) од Тетово, Г.Л.(41), З.А.(35), Д.К.(17), Ф.М.(15), Б.С.(17), сите пет од Винница, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „непоступување според здравствените прописи за време на епидемија". Приајвените од 02.06.2020 до 02.07.2020 биле затекнати надвор од своите домови и не се придржуваат кон воведената мерка „забрана на движење на подрачјето на РСМ", со цел спречување на ширење на заразната болест Ковид-19 и заштита на населението.